РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 14-733
08.05. 2018 год.
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
СКОПЈЕ

| Примено: | 17-05-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 600/5 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерството за образование и наука, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за исполнетост на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Електротехника и информациски технологии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Електротехника и информациски технологии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање бр. 21-244/5 од 09.03.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-733 од 19.03.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Електротехника и информациски технологии на единицата во состав, Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, по добиенето Решение за акредитација бр.1409-295/2 од 08.03.2018 година, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-733 од 21.03.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение .

Комисијата на ден 10.04.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-733 од 16.04.2018 година, каде е наведено дека, се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Електротехника и информациски технологии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Проф. д-р Рената Дескоска

Доставена до:
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
  Факултет за електротехника и информациски технологии
- Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити